Република Македонија

ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

Службен гласник на општината Демир Хисар, излегува по потреба. Цена: 50,оо мкд. Годишна претплата: 500,оо мкд
e - mail: opstinademirhisar@yahoo.com; www.demirhisar@gov.mk; тел/факс: (+389) 47 -552-661

**Бр. 16**

**20.11.2012**

Демир Хисар

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02; 4/05 и 7/09 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Заклучокот за усвојување на Извештајот за реализација на Планот за развојни програми за 2012 година**

1.Го објавувам Заклучокот за усвојување на Извештајот за реализација на Планот за развојни програми за 2012 година донесен на седницата на Советот на Општина Демир Хисар одржана на 15.11.2012 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08- 857/2** **Општина Демир Хисар**
**20.11.2012 година** **Градоначалник**
**Демир Хисар** ***Тони Ангелевски с.р.***

***460.*** Врз основа на член 92 став 1 од Статутот на Општина Демир Хисар /„Службен гласник на Општина Демир Хисар"бр.3/02; 4/05 и 7/09/ Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на 15.11.2012 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За усвојување на Извештајот за реализација на Планот за развојни програми на Општина Демир Хисар за 2012 година**

1.СЕ УСВОЈУВА Извештајот за реализација на Планот за развојни програми на Општина Демир Хисар за 2012 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.07-838/4** **Совет на Општина Демир Хисар**
**15.11.2012 година** **Претседател**
**Демир Хисар** ***Љупчо Ангелески с.р.***

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02; 4/05 и 7/09 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Планот за развојни програми за 2013 година**

1.Го објавувам Планот за развојни програми за 2013 година донесен на седницата на Советот на Општина Демир Хисар одржана на 15.11.2012 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08- 857/3** **Општина Демир Хисар**
**20.11.2012 година** **Градоначалник**
**Демир Хисар** ***Тони Ангелевски с.р.***

***461.*** Врз основа на член 21-б од Законот за буџетите („Сл. весник на РМ" бр.4/2008), а согласно член 43, став 1, точка 20 од Статутот на општина Демир Хисар ("Службен гласник на општина Демир Хисар" бр. 3/02), Советот на општина Демир Хисар на седницата која се одржа на ден 15.11.2012 година, донесе

***ПЛАН ЗА РАЗВОЈНИ ПРОГРАМИ***
***На општина Демир Хисар за 2013 година***

Согледувајќи ги потребите на граѓаните, а поаѓајќи од целта за подобрување на квалитетот на животот на територијата на општина Демир Хисар, ценејќи ги општите текови и особено потребата од развој во натамошниот период во областите од економскиот развој и комуналното уредување, општина Демир Хисар особено ќе развива планови и програми и тоа:

**1. Развојна програма- Изградба на фекална канализација с.Слоештица**

Изградбата на фекалната канализација с.Слоештица е започната на 09.12.2008 година. До крајот на 2012 година од вкупно 3310 $м^1$ канализациона мрежа и 97 ревизиони, односно каскадни шахти, изградена е канализациона мрежа во должина од 2348 $м^1$ и 61 ревизиона, односно каскадна шахта. Вкупната вредност на фекалната канализација по договор за градба изнесува 7.093.132,00 денари и до крајот на 2012 година се реализирани вкупно 4.653.562,50 денари.

Со оваа развојна програма предвидено е да се доизгради преостанатата канализациона мрежа во должина од 962 $м^1$ и 36 ревизиони, односно каскадни шахти. Пречистителна станица за с.Слоештица за која

има изработено техничка документација-основен проект ќе започне со градба после 2014 година. Со завршување на наведените објекти ќе се подобри здравјето на граѓаните и општото здравје на речниот екосистем.

Фекалната канализација се гради согласно изработената (ревидирана) техничката документација-основниот проект во 2007 година.

Ризик постои околу навременото решавање на имотно-правните работи (дополнителни барања на граѓаните на с.Слоештица).

Датум на завршување на проектот-фекална канализација се планира до 15.11.2014 година.

Се планира вкупната вредност на оваа развојна програма да изнесува 2.439.570,00 денари (за доизградба на фекалната канализација).

Оваа развојна програма се однесува за периодот од 2013 година до 2014 година. Но, имајќи ја во предвид актуелноста на проблемот со здравјето на граѓаните и општото здравје на речниот екосистем, стандардот на живеење, прекинување на миграцијата село-град, а воедно и создавање на услови за повторно заживување на селото, равојната програма за изградба на фекална канализација и пречистителна станица с.Слоештица ќе продолжи и во наредните години (после 2014 година со реализација на проектот-пречистителна станица).

Поради големиот обем и висина на потребните финансиски средства кои се потребни за реализација на оваа развојна програма, а кои изнесуваат 2.439.570,00 денари, доизградбата ќе се извршува фазно во наредните две години, односно до 2014 година.

За реализација на оваа развојна програма за 2013 година се предвидени средства во износ од 1.200.000,00 денари, а 1.239.570,00 денари се планираат во 2014 година.

За реализација на оваа развојна програма покрај планираните средства од изворните приходи на Буџетот на општина Демир Хисар, ќе се користат средства од Буџетот на Република Македонија преку соодветните програми од Министерство за животна средина и просторно планирање.

Овај план за развојни програми влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на општина Демир Хисар“.

**Бр.07-838/5** **Совет на Општина Демир Хисар**
**15.11.2012 година** **Претседател**
**Демир Хисар** ***Љупчо Ангелески с.р.***

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02; 4/05 и 7/09 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Одлуката за измени и дополнување на Програмата за донесување на УП за Општина Демир Хисар за 2012 година**

1.Ја објавувам Одлуката за измени и дополнување на Програмата за донесување на УП за Општина Демир Хисар за 2012 година донесена на седницата на Советот на Општина Демир Хисар одржана на 15.11.2012 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08- 857/4** **Општина Демир Хисар**
**20.11.2012 година** **Градоначалник**
**Демир Хисар** ***Тони Ангелевски с.р.***

***462.*** Врз основа на член 17 од Законот за просторно и урбанистичко планирање - пречистен текст (Сл.весник на РМ бр. 60/2011), член 22 став 1 точка 1 и точка 2 и член 36, став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа ( Сл.весник на РМ бр. 5/02)и член 15 и член 43 од Статутот на Општина Демир Хисар (Сл.гласник на Општина Демир Хисар бр. 3/2002год.), Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на ден 15.11.2012 год. донесе

**О Д Л У К А**
***За изменување и дополнување на ПРОГРАМАТА за донесување на урбанистичките планови за Општина Демир Хисар за 2012год.***

**Член 1**

**Во членот 1 од Одлуката за донесување на Програма за урбанистички планови за општина Демир Хисар за 2012год., во точка IV, која се однесува на изработка на ЛУПД, се додаваат четири нови подточки, после подточка бр. 6, и тоа:**

**подточка 7**

**-Изработка на ЛУПД за Изградба на Базна станица за мобилна телефонија ПЛП 4088 Жван на дел од КП бр. 1898/100, м.в. Кискине, КО Жван, Општина Демир Хисар, заведена во ИЛ 307 КО Жван, со вкупна површина на плански опфат од 161,30м$^2$ и намена Е1-комунална инфраструктура/телекомуникациска инфраструктура.**

Измената на Програмата се врши за потребите на ВИП Оператор, а по барање на ЕГНАТИЈА Скопје ДООЕЛ,

доставено до општина Демир Хисар, **бр. 11-42 од 15-06-2012**год

**подточка 8**

**- Изработка на ЛУПД за Изградба на Базна станица за мобилна телефонија ПЛП 4090 Зашле, на дел од КП бр. 40/1, КО Зашле, Општина Демир Хисар, со вкупна површина на плански опфат од 200м$^2$ и намена Е1-комунална инфраструктура/телекомуникациска инфраструктура**

Измената на Програмата се врши за потребите на ВИП Оператор, а по барање на МОНБИИНСТАЛ ДОО, доставено до општина Демир Хисар, **бр. 11-66 од 06-11-2012**год

**подточка 9**

**- Изработка на ЛУПД за Изградба на Мала хидроелектрична централа и пропратни објекти на водотекот на реката Голема Илинска, МХЕ 257, во КО Големо Илино, со вкупна површина на плански опфат од 4,75ха и со намена Е – инфраструктура, основна класа на намена Е1-комунална инфраструтура и Е2-комунална супраструтура.**

Измената на Програмата се врши за потребите на БНБ ЕНЕРЦИ ДОО експорт-импорт Скопје, доставено до општина Демир Хисар, **бр. 11-62 од 24-10-2012**год

**Член 2**

Согласно чл. 17 став 6 од Законот за просторно и урбанистичко планирање, финансирањето на плановите од Програмата, може да биде од страна на правни и физички лица, чии што програмски барања и подрачја на интерес се прифатливи за општините.

**Член 4**

Програмата влегува во сила со донесувањето, а ќе се објави во Сл. Гласник
на Општина Демир Хисар.

**Бр. 07-838/6** — **Совет на Општина Демир Хисар**
**15.11.2012 година** — **Претседател,**
**Демир Хисар** — **Љупчо Ангелески с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02; 4/05 и 7/09 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Одлуката за отпочнување на изработка на ЛУПД за Изградба на Базна станица за мобилна телефонија ПЛП 4088 Жван, Општина Демир Хисар**

1.Ја објавувам Одлуката за отпочнување на изработка на ЛУПД за изградба на базна станица за мобилна телефонија ПЛП 4088 Жван, Општина Демир Хисар донесена на седницата на Советот на Општина Демир Хисар одржана на 15.11.2012 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08- 857/5** — **Општина Демир Хисар**
**20.11.2012 година** — **Градоначалник**
**Демир Хисар** — ***Тони Ангелевски с.р.***

***463.*** Врз основа на член 22 став 1 точка 1 и точка 2 и член 36, став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа ( Сл.весник на РМ бр. 5/02), а во согласност со член 50-а од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл.весник на РМ бр. 60/2011) и член 43 од Статутот на Општина Демир Хисар (Сл.гласник на Општина Демир Хисар бр. 3/2002год.), Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на ден 15.11.2012 год. донесе

**О Д Л У К А**

***за отпочнување на изработка на локална урбанистичка планска документација за Изградба на Базна станица за мобилна телефонија ПЛП 4088 Жван***

**Член 1**

Се отпочнува со изработка на **ЛУПД за изградба на Базна станица за мобилна телефонија ПЛП 4088 Жван на дел од КП бр. 1898/100, м.в. Кискине, КО Жван, Општина Демир Хисар, заведена во ИЛ 307 КО Жван, со вкупна површина на плански опфат од 161,30м$^2$ и намена Е1-комунална инфраструктура/телекомуникациска инфраструктура, согласно усвоена Планска програма, Геодетски Елаборат за ажурирана подлога и графички прилог, кои се составен дел на оваа Одлука.**

Измената на Програмата се врши за потребите на ВИП Оператор, а по барање на ЕГНАТИЈА Скопје ДООЕЛ, доставено до општина Демир Хисар, **бр. 11-42 од 15-06-2012**год

**Член 2**

Согласно чл. 17 став 6 од Законот за просторно и урбанистичко планирање, финансирањето на плановите од Програмата, може да биде од страна на правни и физички лица, чии што програмски барања и подрачја на интерес се прифатливи за општините.

**Член 3**

Програмата влегува во сила со донесувањето, а ќе се објави во Сл. Гласник
на Општина Демир Хисар.

**Бр. 07-838/7** — **Совет на Општина Демир Хисар**
**15.11.2012 година** — **Претседател,**
**Демир Хисар** — **Љупчо Ангелески с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02; 4/05 и 7/09 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Одлуката за отпочнување на изработка на ЛУПД за Изградба на Базна станица за мобилна телефонија ПЛП 4090 Зашле, Општина Демир Хисар**

1.Ја објавувам Одлуката за отпочнување на изработка на ЛУПД за изградба на базна станица за мобилна телефонија ПЛП 4090 Зашле, Општина Демир Хисар донесена на седницата на Советот на Општина Демир Хисар одржана на 15.11.2012 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08- 857/6** **Општина Демир Хисар**
**20.11.2012 година** **Градоначалник**
**Демир Хисар** ***Тони Ангелевски с.р.***

***464.*** Врз основа на член 22 став 1 точка 1 и точка 2 и член 36, став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа ( Сл.весник на РМ бр. 5/02), а во согласност со член 17 **од Законот за просторно** и урбанистичко планирање - пречистен текст (Сл.весник на РМ бр. 60/2011), член 15 и член 43 од Статутот на Општина Демир Хисар (Сл.гласник на Општина Демир Хисар бр. 3/2002год.), Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на ден 15.11.2012 год. донесе

**О Д Л У К А**
***за отпочнување на изработка на локална урбанистичка планска документација за Изградба на Базна станица за мобилна телефонија ПЛП 4090Зашле***

**Член 1**

**Во членот 1 од Одлуката за донесување на Програма за урбанистички планови за општина Демир Хисар за 2012год., во точка IV, се додава нова подточка 9 – која се однессува за изработка на ЛУПД за Изградба на Базна станица за мобилна телефонија ПЛП 4090 Зашле, на дел од КП бр. 40/1, КО Зашле, Општина Демир Хисар, со вкупна површина на плански опфат од 200м$^2$ и намена Е1-комунална инфраструктура/телекомуникациска инфраструктура**

Измената на Програмата се врши за потребите на ВИП Оператор, а по барање на МОНБИИНСТАЛ ДОО, доставено до општина Демир Хисар, **бр. 11-66 од 06-11-2012**год

**Член 2**

Согласно чл. 17 став 6 од Законот за просторно и урбанистичко планирање, финансирањето на плановите од Програмата, може да биде од страна на правни и физички лица, чии што програмски барања и подрачја на интерес се прифатливи за општините.

**Член 3**

Програмата влегува во сила со донесувањето, а ќе се објави во Сл. Гласник
на Општина Демир Хисар.

**Бр. 07-838/8** **Совет на Општина Демир Хисар**
**15.11.2012 година** **Претседател,**
**Демир Хисар** **Љупчо Ангелески с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02; 4/05 и 7/09 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Одлуката за отпочнување на изработка на ЛУПД за Изградба на Мала хидроелектрична централа на реката Голема Илинска, МХЕ 257, КО Големо Илино, Општина Демир Хисар**

1.Ја објавувам Одлуката за отпочнување на изработка на ЛУПД за изградба на Мала хидроелектрична централа на реката Голема Илинска, МХЕ 257, КО Големо Илино, Општина Демир Хисар донесена на седницата на Советот на Општина Демир Хисар одржана на 15.11.2012 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08- 857/7** **Општина Демир Хисар**
**20.11.2012 година** **Градоначалник**
**Демир Хисар** ***Тони Ангелевски с.р.***

***465.*** Врз основа на член 22 став 1 точка 1 и точка 2 и член 36, став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа ( Сл.весник на РМ бр. 5/02), а во согласност со член 17 **од Законот за просторно** и урбанистичко планирање - пречистен текст (Сл.весник на РМ бр. 60/2011), и член 43 од Статутот на Општина Демир Хисар (Сл.гласник на Општина

Демир Хисар бр. 3/2002год.), Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на ден 15.11.2012 год. донесе

**О Д Л У К А**
***За отпочнување на изработка на локална урбанистичка планска документација за Изградба на Мала хидроелектрична централа на реката Голема Илинска, МХЕ 257, КО Големо Илино.***

**Член 1**

Се отпочнува со изработка на ЛУПД за Изградба на Мала хидроелектрична централа и пропратни објекти на водотекот на реката Голема Илинска,МХЕ 257, во КО Големо Илино, со вкупна површина на плански опфат од 4,75ха и со намена Е-инфраструктура, основна класа на намена Е1-комунална инфраструктура и Е2-комунална супраструктура, согласно усвоена Планска програма, Геодетски Елаборат за ажурирана подлога и графички прилог, кои се составен дел на оваа Одлука.

Измената на Програмата се врши за потребите на БНБ ЕНЕРЏИ ДОО експорт-импорт Скопје, доставено до општина Демир Хисар, **бр. 11-62 од 24-10-2012**год

**Член 2**

Согласно чл. 17 став 6 од Законот за просторно и урбанистичко планирање, финансирањето на плановите од Програмата, може да биде од страна на правни и физички лица, чии што програмски барања и подрачја на интерес се прифатливи за општините.

**Член 3**

Програмата влегува во сила со донесувањето, а ќе се објави во Сл. Гласник на Општина Демир Хисар.

| | |
|---|---|
| **Бр. 07-838/9** | **Совет на Општина Демир Хисар** |
| **15.11.2012 година** | **Претседател,** |
| **Демир Хисар** | **Љупчо Ангелески с.р.** |

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02; 4/05 и 7/09 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Одлуката за отстапување на користење, одржување и уредување на објект-фудбалско игралиште во с.Кутретино, сопственост на општина Демир Хисар**

1.Ја објавувам Одлуката за отстапување на користење, одржување и уредување на објект-фудбалско игралиште во с.Кутретино, сопственост на општина Демир Хисар донесена на седницата на Советот на Општина Демир Хисар одржана на 15.11.2012 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

| | |
|---|---|
| **Бр.08- 857/8** | **Општина Демир Хисар** |
| **20.11.2012 година** | **Градоначалник** |
| **Демир Хисар** | ***Тони Ангелевски с.р.*** |

***466.*** Врз основа на член 36 став 1 точка 10 од Законот за Локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), и член 43 од Статутот на општина Демир Хисар ("Службен гласник на Општина Демир Хисар" бр.3/02), Советот на општина Демир Хисар на седницата одржана на ден 15.11.2012 година донесе

О Д Л У К А
За отстапување на користење, одржување и уредување на објект- фудбалско игралиште во с. Кутретино, сопственост на општина Демир Хисар

Член 1

Со оваа Одлука се врши отстапување на користење, одржување и уредување на објект- фудбалско игралиште во с. Кутретино сопственост на општина Демир Хисар, кое се наоѓа на КП.бр. 133 со површина од 9800 $м^2$.

Член 2

Здружението на спортската организација „ФЕНИКС„ 2011 с.Кутретино, Демир Хисар како корисник на објектот-фудбалско игралиште во с. Кутретино должно е истото да го користи, одржува и уредува.

Доколку се установи дека Здружението на спортската организација „ФЕНИКС„ 2011 недомаќински стопанисува со објектот-фудбалско игралиште, тогаш ваквата Одлука не предизвикува правно дејство и истата ќе се смета за неважечка.

Член 3

Недвижниот имот опишан во член 1 на оваа Одлука, Здружението на спортската организација „ФЕНИКС„ 2011 не смее да го оптоварува без согласност на сопственикот-Општина Демир Хисар.

Член 4

Отстапување на користење, одржување и уредување на објект-фудбалско игралиште во с. Кутретино сопственост на општина Демир Хисар, е на неодредено време.

Член 5

Одлуката влегува во сила осмиот дена од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Демир Хисар".

Бр.07-838/10 Совет на општина Демир Хисар
15.11.2012 година Претседател,
Демир Хисар **Љупчо Ангелески с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02; 4/05 и 7/09 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Решението за формирање на комисија за изготвување на Програма за работа на Советот на Општина Демир Хисар за 2013 година**

1.Го објавувам Решението за формирање на комисија за изготвување на програма за работа на Советот на Општина Демир Хисар за 2013 година донесено на седницата на Советот на Општина Демир Хисар одржана на 15.11.2012 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08- 857/9** **Општина Демир Хисар**
**20.11.2012 година** **Градоначалник**
**Демир Хисар** ***Тони Ангелевски с.р.***

***467.*** Врз основа на член 101 и 102 од Деловникот за работа на Советот на општина Демир Хисар /"Службен гласник на општина Демир Хисар" бр.3/02/,4/05 и 7/09/ Советот на општина Демир Хисар на седницата одржана на 15.11.2012 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**За именување на Комисија за изготвување на Програма за работа на Советот на општина Демир Хисар**

1.Се именува Комисија за изготвување на Програма за работа на Советот на општина Демир Хисар во состав

За претседател
Љупчо Ангелески

За членови
Леонора Јолеска
Драге Пупунчевски

2.Комисијата има задача да изготви Предлог-Програма за работа на Советот на општина Демир Хисар за 2013 година на основа изнесените потереби.

3.Комисијата за изготвување на Програма за работа на Советот на општина Демир Хисар е времено тело и со изготвувањето на Програмата, комисијата престанува да постои.

4.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во *Службен гласник на општина Демир Хисар*.

По еден примерок да се достави до архивата на Советот и именуваните лица.

Бр. 07-838/11 Совет на општина Демир Хисар
15.11.2012 година Претседател,
Демир Хисар Љупчо Ангелески с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02; 4/05 и 7/09 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Одлуката за измени и дополнување на Буџетот на Општина Демир Хисар за 2012 година (Ребаланс)**

1.Ја објавувам Одлуката за измени и дополнување на Буџетот на Општина Демир Хисар за 2012 година (Ребаланс) донесена на седницата на Советот на Општина Демир Хисар одржана на 15.11.2012 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08- 857/1** **Општина Демир Хисар**
**20.11.2012 година** **Градоначалник**
**Демир Хисар** ***Тони Ангелевски с.р.***

.

-------------------------------------------------------------------

**С О Д Р Ж И Н А**

1. Заклучок за усвојување на Извештај за реализација на Планот за развојни програми на општина Демир Хисар за 2012 година-----------------------------------------------------1
2.План за развојни програми за 2013 година на општина Демир Хисар----------------------------------------------------1-2
3.Одлука за измени дополнување на Програмата за донесување на УП за општина Демир Хисар за 2012 г-----2-3
4.Одлука за отпочнување на изработка на ЛУПД за изградба на Базна станица за мобилна телефонија ПЛП4088 Жван--3
5. Одлука за отпочнување на изработка на ЛУПД за изградба на Базна станица за мобилна телефонија ПЛП4090 Зашле-----------------------------------------------------------4
6. Одлука за отпочнување на изработка на ЛУПД за изградба на Мала хидроелектрична централа на река Голема Илинска МХЕ 257 КО Големо Илино--------------------4-5
7.Одлука за давање на користење, одржување и уредување на фудбалско игралиште во Кутретино--------------------5-6
8.Решение за формирање на комисија за изготвување на Програма за работа на Советот на Општина Демир Хисар--7
9.Одлука за измени и дополнување на Буџетот на Општина Демир Хисар за 2012 година (Ребаланс)------------------8-15

**Издава: Општина Демир Хисар,ул.Битолска б.б.**
**тел.047/552-661**
**Градоначалник.**
**Тони Ангелевски**
**Компјутерска обработка: Виолета Пајковска**